КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION
AND PROTECTION AGAINS
DISCRIMINATIO

Архивски број: 0801-264/11

Датум: 30.08. 2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-264/1 од 12.09.2019 поднесена од [redacted]-општина Битола, против Ј.П.,,Стрежево"за сторена продолжена дискриминација врз основ на политичка припадност во областа на работа и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 24.08.2021 г. го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА,** по основ на политичко уверување и повреда на правото на еднаквост во областа на работа и работните односи, извршено од страна на Ј.П. ,,Стрежево" преку работоводниот орган – директорот [redacted] кон подносителот на претставката [redacted] општина Битола.

## Образложение

Во претставката за заштита од дискриминација, поднесена од [redacted] против Ј.П.,,Стрежево" што е поднесена на ден 12.09.2019 година. Поднесувачот до Комисијата ја достави следнава документација:

- Договор за вработување бр. 04-405/1 на 04.04. 2008 година, работно место: диспечер на Алиментационен канал со НКВ или основно образование со коефициент –229 бодови или 18.571.оо денари месечна плата.
- На 26.08.2009 г, со договор бр. 04-511/2 од 11.09.2009 г, е распореден на работно место: диспечер на главен канал со ССО кое носи 243 бодови или 19.707.оо денари личен доход.
- Со договор за вработување бр. 04-139/2 од 05.02.2010 г, е распореден на работно место: Главен диспечер на Г.О со ССО со 315 - бодови или 25.546.оо денари плата.
- На 16.09.2017 г [redacted] е кандидат за член на Совет на Општина Битола од редовите на [redacted] на реден бр. [redacted]
- Со заклучок бр. 02-403/т.2 од 15.08.2017 г, на У.О на ,,Ј.П. Стрежево"–Битола, според директорот: поради *укажана потреба во интерес на подобрите резултати и успешноста на претпријатието, му го откажува договорот за вработување бр. 04-306/1 од 27.04.2018 година и предлага,нов договор.*
- Договор со бр. 04-306/2 од 27.04.2018 година со звање: Диспечер на доводен канал, со ССО и месечна плата од 18.355.оо денари, додека предходното работно место Главен диспечер на Г.О според образложението на директорот е укинато,
- На 24.07.2019 година, со договор за вработување бр. 04-534/1, [redacted] добива решение за ново работно место: Диспечер на зафатна градба и терен со шифра КДР 0305 Б02 211, со плата од 18.355.оо ден.
- На ден 26.08.2019 година, со број 04-673/1, директорот на ,,Ј.П. Стрежево" донесува одлука за овластување на [redacted] на ново работно место – Работник за одржување на цевковод, во Одделение за 3-та делница, започнувајќи од 27.08.2019 година, со образложение дека, ваквата нова промена на работното место е предизвикана како потреба на самата организација.
- Жалба доУправен одбор на Ј.П,Стрежево" со бр. 04-673/1 26.08.2019 г, одлуката е поништена со бр. 04-720/1 од 16.09.2019 г и нема никакви правни последици, Пријава до Државен инспекторат на трудот и До директорот на ЈП ,,Стрежево" на ден 29.08.2019 година со барање за отстранување на кршење на право со следните забелешки:

- Не соодветна стручна квалификација за работно место
- Не соодветно работно искуство и

- Не соодветни посебни работни компетенции за работното место, поради кршење на загарантирани права согласно член 181, став 2 од ЗРО.
- Претставка на 12.09.2019 година се обратил до Комисија за заштита од дискриминација.
- Пријава за вонреден инспекциски надзор за преиспитување на донесениот акт 04-673/1 од 26.08.2019 г.
- Решение бр. 04-796/1 од 29.10.2019 година е распореден на работно место: диспечер, чувар на алиментационен канал со ССО, кое е обжалено до Основен суд – Битола а тужбеното барање на тужителот [redacted] се одбива како неосновано.
- Договор за вработување од 29.10.2019 година, [redacted] се распоредува на работно место: Диспечер – чувар на алиментационен канал со шифра КДР 03 05 Б02 203
- Записник за извршен личен претрес и претрес на работните простории на ден 29.10.2019 г. со наредба К-ПП-180/19 од 30.10.2019 г, издадена од СВР Битола со цел, пронаоѓање на лично оружје кое наводно го носел на работно место.
- Решение од 11.11.2019 г на [redacted] со број 04-843/2, диспечер, чувар со плата 19.951.оо или 246 бодови.
- Решение од 29.05.2020 година со бр. 04-360/1 [redacted] се распоредува на работно место: работник на цевковод со личен доход од 23.032.оо денари или 284 бодови, за период од 2 (два) месеци и трае од 01.06.2020 г – 31.07.2020 г . директорот на Ј.П ,,Стрежево" поради, *сезоната за наводнување и зголемен обем на работа, отежнати услови во време на пандемијата COVID 19 и спроведување на одлуки на владата на Република Северна Македонија, намален број на вработени, ослободување на хронично болни и родители на деца до 10 г,*
- Листа на пратеници за вонредните парламентарни избори, одржани 15.07.2020 г, [redacted] е кандидат за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија во И.О.4 на реден бр. [redacted] од редовите на [redacted]
- На 31.07.2020 година со решение бр. 04-468/1 [redacted] е распореден на работно место: работник на цевковод со личен доход од 23.032.оо денари или 284 бодови.
- Решение на ДИТ во кое има забелешка ДКСК за промена на работното место во изборен период.
- Дисциплинска постапка на 11.09.2020 година против [redacted] со одлука бр. 04-481/11.

Согласно законските надлежности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 21.05.2021 година, до Ј.П.,,Стрежево"- Битола, испрати барање за произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-264. Произнесувањето од страна на Ј.П.Стрежево – Битола, со бр. 03-346/2 на 11.06.2021 г, пристигна до архивата на КСЗД.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 30.06.2021 година, до Основен суд- Битола, испрати барање за произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-264. Произнесувањето од страна на Основен суд – Битола, со бр. Су-03-540/21 на 13.07.2021 г, пристигна до архивата на КСЗД. Во истото тие истакнуваат дека [redacted] има заведено повеќе судски постапки пред истиот суд, но, од содржината на тужбите нема можност да се утврди дали се работи за дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 23.07.2021 година, до Ј.П.,,Стрежево"- Битола, испрати барање за дополнително произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-264. итоа за:

- бројот на добиени решенија во периодот 15.08.2017 година до 12.09.2019 година и
- бројот на добиени решенија во изборен период на [redacted]

Произнесувањето од страна на Ј.П.Стрежево – Битола, со бр. 03-346//4 на 03.08.2021 г, пристигна до архивата на КСЗД. Во истото е наведено: *нема издадено решение на ниту еден вработен во период на изборни активности.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 23.07.2021 година, до [redacted] Битола испрати барање за произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-264. Произнесувањето од страна на Ј.П.Стрежево – Битола, со бр. 264/9 на 04.08.2021 г, пристигна до архивата на КСЗД.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, го задолжи членот на КСЗД, Лимко Бејзароски да изврши непосреден увид во документација за [redacted] на 05.08.2021 година, во просториите на Ј.П „Стрежево". Со цел да изврши увид во следние докуметни:

- Копии од решенија за најмалку 2 (две) лица, кој добиле **приближно** број на преместувања на работно место од [redacted] во период од 15-08.2017 до 31.07.2020 година.
- Копија од друго лице **компаратор** кое добило решение за промена на работно место, во изборен период, освен [redacted] 04-468/1 од 31.07.2020 г.
- Копија од решение за лице кое е **назначено** со работно место Главен диспечер на ГО.

Одговорот на Ј.П. „Стрежево"пристигна на 12.08.2021 година со бр. 03-510/2, од кое може да се види дека: има прераспоредено 2 ( два) вработени лица, со, по едно преместување, додека во време на изборен период нема ниту еден друг вработен добиено решение за промена на работно место освен [redacted], од каде се гледа дека во Ј.П. „Стрежево" во наведениот период вкупно добиени решенија за мобилност на работни места има добиено 10 од кои [redacted] има добиено 8 (осум) преместувања, додека останати две лица со по едно решение за промена на работни места. Комисијата за Спречување и Заштита од Дискриминација, утврди согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ БР. 258/20) на Ј.П„Стрежево" преку работоводниот орган – директорот [redacted], извршиле дискриминација по основ на политичко уверување во областа на работа и работни односи во јавно претпријатие врз [redacted], поткрепено со следните факти и аргументи:

- Рекорден број (осум) добиено решенија за промена на работно место и
- Единствен вработен во Ј.П. „Стрежево" е [redacted] кој е прераспореден во време на изборен период.

Директорот на „Ј.П„Стрежево", во период од 15.08.2017 година до 31.07.2020 година, на [redacted] му креирал осум решенија за промени на работни места од кое едно е креирано во изборен период, спротивно на чл. 8а од Кривичниот законик, што го прави нееднаков и дискриминиран во однос на останатите вработени. Комисијата утврди и дека лицето [redacted] беше кандидат за пратеник на парламентарните избори што се одржаа во 2020 година и неговото лице се наоѓаше на кандидатската листа.

Согласно чл.33 од Законот за вработените во јавниот сектор стои:

*Ст.1 Вработените имаат право да се кандидираат на парламентарни, претседателски и локални избори,*

*Ст.2 Вработените во Јавниот Сектор имаат право на неплатено отсуство за време на изборната кампања за изборите на кој учествуваат.*

*Ст.3 Политичката определба и политичкото мислење на вработените во јавниот сектор изразени за време на неплатеното отсуство во текот на изборната кампања, не смеат да влијаат на нивниот статус, на нивните права и обврски.*

Во одговорот добиен од страна на Ј.П. ,,Стрежево" од 13.08.2021 година со бр. 03-264/10, има наведено уште двајца вработени кои добиле по едно решение за промена на работно место во наведениот временски рок, но, несе добиени во изборен период, ваквиот **компаратор**, само ги потврдува тврдењата на подносителот [redacted] за дискриминаторското и понижувачко однесување од страна Ј.П. ,,Стрежево" и директорот [redacted] врз [redacted] кое предизвикува *дискриминаторски однос* на неговата личност.

Согласно чл. 26 од ЗСЗД, товарот на докажување преминува на страната на потенцијалниот дискриминатор, кој во законски рок не успеа да го докаже спротивното тврдење по предметот.

Согласно член 6 и 8 од ЗСЗД, ваквото однесување се третира за продолжена директна дискриминација по основ на политичко уверување во областа на работа и работни односи.

Согласно ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди продолжена директна дискриминација - извршена од страна директорот на Ј.П. Стрежево"па согласно чл. 27 став 2 од ЗСЗД, со цел да се отстрани повредата на правото на еднаквост на [redacted], ја издава следнава:

## ПРЕПОРАКА

Се задолжуваат Ј.П.,,Стрежево"и директорот [redacted], во рок од 30 дена да ја отстранат повредата на правото на еднаквост и со нов договор да го вратат на работно место од каде почнал дискриминаторскиот однос врз [redacted], согласно актот за систематизација на Ј.П.,,Стрежево", во рок од 30 дена и за тоа да ја известат Комисијата, согласно чл.27 став 3 од ЗСЗД.

Доколку Ј.П.,,Стрежево" и директорот не постапат согласно оваа Препорака, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Известител: член на КСЗД

**Лимко Бејзароски**

Скопје, 24.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

**Весна Бендевска**

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk